**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 ч. на ден 29.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 30.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/241
30.08.2019 година


Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk


**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Пожари*

**РЦУК – Струмица,** известува дека пожарот што е настанат на ден **18.08.2019 год.** во месноста **„Готен“** над **с.Покрајчево и с.Злеово**, сеуште е **активен**. Во гасење на пожарот учествувале 10 пожарникари и 2 пп возила од ТППЕ-Радовиш и 35 вработени од ПШС Плачковица Радовиш со 4 возила. Во попладневните часови не дејствувал хелихоптер на АРСМ. Екипа од ПШС Беласица Струмица со 25 вработени и 3 возила (трактор,џип и там камионче) биле на терен кон Кушкулија-Кушкулиски пат и вршеле расчистување на теренот, правење пресеки, дел од пожарот кој се префрлил на територија на ПШС Беласица е целосно ликвидиран. Екипата е повлечена од теренот.

**РЦУК – Велес,** известува дека пожарот кај **с. Ораовец** кој веќе неколку дена се препалува сеуште е активен, но е ставен под контрола. Опожарена е површина поголема од 100 ха нискостеблеста дабова шума, трње и трева. На терен на лице место има повеќе од 40 лица кој го гасат пожарот и тоа од ТППЕ Велес – 6 пожарникари со една цистерна, 26 вработени од ШС Бабуна, 2 вработени од ЈКП Дервен со 1 Цистерна, 10 лица од ЕЛС Чашка со 1 цистерна. Од Општина Чашка се поднесе барање за дејство од воздух со Аиртракторите. Во 12.10 започнале со гаснење Авионите кои извршиле 6 налети и истиот е ставен под контрола. Од ТППЕ Велес известуваат дека на помош присигнале пожарникари од Скопје и Кавадарци кои дежурале со 2 цистерни за да не се обнови истиот.

**РЦУК – Битола**, известува дека пожарот кој започнал околу 14:00 часот на ден 28.08.2019 година во **с.Брник**, општина Новаци е сеуште активен. Интервенирале 6 вработени во ЈП Национални Шуми Кајмакчалан Битола и во моментов пожарот се движи во три насоки спрема **с.Маково, с.Грумази и с.Брник**. Гори сува трева и

нискостеблеста деградирана шума. За настанатата состојбата известени се ЕЛС Новаци, ДЗС Битола , ТППЕ Битола и СВР Битола.

**РЦУК – Тетово**, известува дека околу 15:50 часот во близина на **с.Луковица** е започнат пожар. Со пожар е зафатена деградиран нискостеблеста шума и порано исечена шума. Во гаснењето на пожарот интервенираат 5 лица од НП Јасен. Според последните информации пожарот е изолиран е под контрола, а во текот на ноќта луѓето од НП Јасен ќе го контролираат теренот.

***1.2. Останати пожари***

**РЦУК – Скопје**, ја пренесува информацијата од БППЗ на Град Скопје во која се наведува дека во период од 15:05 до 19:00 часот интервенирале на пожар на мешана нискостеблеста шума на површина од 6 хектари во атар на **с.Црвена Вода**, општина Студеничани. Во гаснењето на пожарот интервенираат 5 пожарникари со 2 ПП возила. (опш.Студеничани); Во периодот од 17.20 до 19.10 часот, гаселе запалена ниска шума и сува трева во атар на **село Грачани**. Интервенцијата ја извршиле со 1 ПП возило и 3 пожарникари. (опш. Ѓорче Петров);

БППЗ на Град Скопје имала уште 8 интервенции на запалена сува трева на различни локации во градот и околината.

**РЦУК – Битола**, известува дека **ТППЕ Битола** од 13:45 до 20:15 часот интервенираале на запалена сува трева и стрниште во атар на **с.Лопатица**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 5 пожарникари со 2 ПП возила. Во изминатото деноноќие имала 1 помала интервенција запалена сува трева во градот Битола.

**ТППЕ Крушево** на ден 28.08.2019 година во период од 21:00 до 23:00 часот, интервенирале на запалено стрниште на површина од 1 хектар во атар на **с.Алданци**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 2 пожарникари со 1 ПП возило.

**ТППЕ Прилеп** имале една помала интервенција на запалена сува трева во околината на Прилеп.

**РЦУК – Кавадарци**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Кавадарци** во која се наведува дека во зиминатото денононоќие имале една помала интервенција во градот Кавадарци.

**РЦУК – Штип**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Кочани** во која се наведува дека во период од 00:42 до 02:40 часот на ден 29.08.2019 година, интервенирале на запалена плевна во **с.Тркање**. Во гаснењето на пожарот интервенирале 3 пожарникари со 2 ПП возила и 2 лица од месното население.

**ТППЕ Виница** во период од 22:00 часот на ден 28.08.2019 година до 01:30 часот на ден 29.08.2019 година интервенирале на запалан сува трева и нискостблеста шума на површина од 1 хектар на **место викано Превалец** (близу регионален пат Виница-Кочани). Во гаснењето на пожарот интервенирале 8 пожарникари со 2 ПП возила.

**РЦУК – Куманово**, ја пренесува информацијата од **ТППЕ Ранковце** во која се наведува дека во период од 15:05 до 16:15 часот, со 3 пожарникари и 1 ПП возило, интервенирале на запален стар овоштарник на **место викано Зердин Дуб во атар на с.Опила**.

## 2. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *2.1 Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од ЈП Водовод и канализација во која се наведува дека поради уличен дефект на водоводна мрежа Ф-80мм. на ул.9 бр.6б во с.Долно Лисиче, прекинато водоснабдување од 09:20 до 14.45 часот имале корисниците од **с.Долно Лисиче.**(опш. Аеродром); Поради уличен дефект ф-150мм на раскрсница на ул.Илија Димовски и 12-та Македонска Бригада, прекинато водоснабдување од 18:15 до 21:40 часот имале корисниците од **ул.Црноризец Храбар, Врполе, Зринка и Водача и дел од корисниците од ул.Илија Димовски, Димитар Македонски и Митре Влаот.**(опш. Аеродром)

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард Дебар** во која се наведува дека од 13:00 до 16:00 часот во градот Дебар има рестрикции во водоснабдувањето.

**РЦУК – Битола**, ја пренесува информацијата од ЈКП Водовод и канализација од Прилеп во која се наведува дека поради дефект на на водоводната мрежа во период од 08:00 до 14:00 часот, без вода останале корисниците од **улиците: Гостиварска, Кордун, А. Македонски и Реонот Болница „Б.Талески“.**

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод** и канализација од Куманово во која се наведува дека во текот на денот интервенирале на појавени дефекти на водоводната мрежа на **ул.Киро Фетак, ул.Народна Револуција - Пчински Пат, нас. Вера Которка, лок. Бејтова Нива – Проевце и ул. Ѓорче Петров - Гладно Поле.**

Исто така ја пренесува информацијата од **ЈКП Чист Ден од Ранковце** во која се наведува дека поради сушните периоди, а воедно и зголемената потрошувачка на вода во неколку села се врши рестрикција на вода поради недостик на истата. Недостигот на вода се јавува поради намалената издашност на планинаските изводи и бунарите за снабрување со вода и зголемената потрошувачка од страна на граѓаните. Села во кои се врши рестрикција од 01.08.2019 година се: Радибуш, Отошница, Петралица и Псача. Граѓаните бараат надлежните институции да им излезат во пресрет со возило и садови за вода за да може да врши дотур на вода за пиење и употреба во домаќинствата во погоре наведените села.

*2.2. Електроснабдување*

**РЦУК – Скопје, ја пренесува информацијата од ЕВН Македонија во која се наведува дека поради планирани зафати на електродистрибутивната мрежа на ден 02.09.2019 година, без електрична енергија ќе останат:**
**- Од 08:00 до 15:30 часот, корисниците од с.Гулинци, с.Гиновци, с.Пклиште, с.Нерав, с.Отошница, с.Ветуница, с.Милутинци, с.Герман, с.Станча. (опш.Крива Паланка)**
**- Од 09:00 до 14:00 часот, корисниците о дс.Лакавица. (опш.Штип)**
**- Од 09:00 до 17:00 часот, корисниците од с.Мајден и место викано Привуш. (опш.Кавадарци)**
**- Од 09:30 до 14:30 часот, корисниците од делови од с. Габрово (од Домо кон Цамијата). (опш.Делчево)**
**- Од 09:00 до 13:00 часот, корисниците од дел од с.Батинци (индустриски дел), корисници на влез од селото, м.в.Љубош, од десна и лева страна на патот (фирми Зинес, бензинска Беровиќ, Златна Рака, АДРА и објектите во околина). (опш.Студеничани)**
**- Од 09:00 до 14:00 часот, корисниците од новата населба Хиподром 2 (ул. Жан Жорес и ул. 12). (опш.Гази Баба)**

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЕВН Македонија** во која се наведува дека поради дефект на трафостаница Ѓорче Петров ид 18:35 часот на ден 28.08.2019 година без електрична енегија се корисниците од селата: Раовиќ и Паничари.

*2.3. Производство на електрична енергија*

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во застој, додекна **ТЕ – 2** работел со снага од 170 MW, додека **ТЕ – 3** работел со снага од 210 MW.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 120.000 квч електрична енергија.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 1.430.000 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 134.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 4.266 квч електрична енергија.

***2.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:00** часот на ден **30.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. На граничните премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до 01.09.2019 година и истите важат за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури, во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

**РЦУК – Куманово,** известува дека во **општина Крива Паланка,** поради рехабилитација на регионалниот патен правец **с.Луке – с.Киселица,** од 09:00 до 16:00 часот истиот е забранет за сообраќај.

**3. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА**

***3.1 Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза***

Од **УХМР** известуваат дека денес времето ќе биде сончево и топло со мала до умерена облачност и со слаб до умерен ветер од североисточен правец. Минималната температура ќе биде во интервал од 10 до 17, а максималната од 29 до 36 степени.
Продолжува периодот на стабилно, сончево и топло време со мала до умерена облачност. Наутро ќе биде по малку свежо, а дневната температура ќе биде во благо опаѓање. До недела ќе дува слаб до умерен претежно североисточен ветер, а потоа ветерот ќе е променлив.

***3.2. Институт за трасфузиологија***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **30.08.2019 година** планирани се крводарителни акции со жителите на **Македонска Каменица и со вработените во ПС Аеродром-Скопје.**

***3.3. Минирања***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **„Рудници Бањани“** во која се наведува дека до крајот на месец **АВГУСТ,** во работните денови, на нивниот каменолом ќе извршат по **две** минирања и тоа во периодите помеѓу 09:00 – 10:00 часот и помеѓу 13:00 – 14:00 часот.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Северна Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.241 од 29/30.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/241-2 од 29.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/523 од 29.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/290 од 29.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/241 од 29.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/240 од 29.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/338 од 29.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-264 од 29.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Временска прогноза и Информација од УХМР од 29.08.2019; Известувања од АМСМ од 29.08 и 30.08.2019.

**Подготвил:** Даниел Крстевски
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**

**Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
**Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
**Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
**Кабинет на Министерот**
**Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
**Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива